*До*: ***Општина Велес***, ***г-дин Славчо Чадиев***, ***градоначалник***
***Одделение за комунални дејности***;

**Предмет**: **Барање за достава на Програма за контрола и намалување на прекубројноста на бездомни кучиња и Одлука за чување животни и домашни миленици**

Почитувани,

Согласно потребите од анализа која ја спроведуваме на третманот на животните во Единиците на локална самоуправа во Р. Македонија, активност во рамки на проектот „**ЗАЕДНО ЗА ЖИВОТНИТЕ**, **ЗАЕДНО ЗА ГРАЃАНИТЕ**!“ спроведуван од здружението за заштита на животни „Анима Мунди“, во партнерство со здруженијата „Гласот за животните„, „Мали Херои“ и „Анималиа„, , поддржан од УСАИД и Фондација Отворено општество – Македонија;

И нашата цел да дадеме свој придонес - помогнеме на општината во доменот на дејствување кој го опфаќа третманот на животните и дефинирањето на правата и обврските на сопствениците на животни,

**Ве замолуваме за информации во однос на следниве документи**, **како и нивна достава**:

**1.** Информација дали општината има усвоено Програма за контрола и намалување на бројот на бездомни кучиња (или друг вид документ кој го третира ова прашање)
**1.1. Писмена достава - увид во Програмата за контрола и намалување на бројката бездомни кучиња** (или друг вид документ кој го третира ова прашање)

2. Информација дали општината има донесено Одлука за чување на животни и домашни миленици на територија на општината (согласно Законот за комунални дејности)
2.1. **Писмена достава** - **увид во Одлуката за чување на животни и домашни миленици на територија на општината** (или друг вид документ кој го третира ова прашање)

**Истите документи ни се потребни за да ги анализираме и ревидираме, т.е. ќе Ви бидат доставени наши предлози и корекции (доколку ги имаме) изработени од претставниците на здруженијата, адвокатскиот тим на нашите организации; кои ќе бидат усогласени со македонското законодавство, но и најдобрите европски практики.**

**Формата во која ја ни се потребни овие информации се: писмен документ (копија), или електронски запис, заклучно со** 20.02.2014. **година.**

**Документите може да ни бидат испратени електронски, на** e-mail **адресата на здружението за заштита на животни „Гласот на животните“:** animalsvoicemacedonia@yahoo.com **, или на поштенската адреса на здружението: Ул.** 8-**ми Март бр.**19; 1400 **Велес.**

Веруваме дека ќе наидеме на Вашата расположивост за соработка со што заеднички ќе придонесеме за заштитата на животните, дефинирање на правата и обврските на сопствениците на животни, како и на граѓаните на општината во целост.

Однапред Ви благодариме за соработката,

Срдечно,

Здружение за заштита на животни „Гласот на животните”, Велес
Претседател Магдалена Ѓоргиева, тел. 078206011
Адреса: Ул. 8-ми Март бр.19; 1400 Велес

Здружение за заштита на животните, „Анима Мунди“
Претседател Столе Велковски, тел. 077 487 253; 077 487 255
Адреса Ул. „Ордан Пиперката“, бр 33